А бр.220/16-3

Скопје, 08.08.2016 година

Врз основа на член 26 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Р. Македонија бр. 13/06, 86/08 и 6/10), постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 08.07.2016 година, поднесено од барателот Александар Спасовски Новинар во ТВ Сител, имателот на информации Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникаците, на ден 08.08.2016 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

Барањето на барателот Александар Спасовски од Скопје, заведено под А бр. 220/16 од 10.06.2016 година, за пристап до информации од јавен карактер, уредено на 08.07.2016 година, со кое бара да му се даде следната информација од јавен карактер во делот:

-по точка 1 да се достави како електронски запис во вид на електронска копија од Договорите за соработка со секој од експертите поединечно и

-по точка 2 да се достави како електронски запис во вид на електронска копија од Договорите за соработка со секој од ангажираните експерти и доказ за исплатени средства.

СЕ ОДБИВА.

Образложение

Барателот за пристап до информации од јавен карактер лицето Александар Спасовски Новинар во ТВ Сител, до ова обвинителство во својство на имател на информации, на ден 10.06.2016 година, по електронски пат поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под А бр.220/16, уредено на 08.07.2016 година, со која бара да му се даде следната информација од јавен карактер ,,точка 1 кои еклсперти се ангажирани од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникаците и да се достави како електронски запис во вид на електронска копија од Договорите за соработка со секој од експертите поединечно, точка 2 колкави средства добива секој од ангажираните експерти од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникаците и да се достави како електронски запис во вид на електронска копија од Договорите за соработка со секој од ангажираните експерти и доказ за исплатени средства и точка 3 колкави средства од буџетот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникаците се наменети за плаќање на

експертите и да се достави копија како електронски запис во апсолутна бројка како и во процент од вкупниот буџет на институцијата.

Имателот на информацијата, постапувајќи по барањето утврди дека дел од бараната информација односно дел од точките 1 и 2, претставуваат информација од чл.6 став 1 т.2 од Законот за слободен пристап до информации.Имено, Договорите за соработка склучени со ангажираните експерти содржат податоци кои согласно Законот за заштита на личните податоци претставува личен податок, односно информација која се однесува на идентификувано физичко лице, кои обележја се специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет, преку кое може да се идентификува.Воедно ист вид податоци се содржани и во налозите за исплата како доказ за исплатени средства.

Со оглед на горенаведеното за дел од бараната информација, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, по електронски пат на барателот му достави податоци за ангажираните експерти, за месечниот износ кој им се исплатува на истите за соодветните услуги поединечно, како и износот на средствата од посебната ставка за договорни услуги кои се обезбедени од буџетот на ова обвинителство.Притоа имателот на информацијата појасни дека ставката за договорни услуги се однесува на сите договорни услуги за кои има потреба ова Јавно обвинителство, а не само на средствата за исплата на експертите.Посебна ставка за исплата на ангажирани експерти не е предвидена.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, согласно член 26 став 1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на ова решение.

Јавен обвинител за гонење на кривични дела
поврзани и кои произлегуваат од содржината
на незаконското следење на комуникациите
Катица Јанева

ДН-Барателот,
-Архивата,